РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-1564/1
29.03.2018 год.
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| Изработил (име, презиме и функција) | Емилија Петреска - Камењарова, раководителка на Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи<br>Сашо Богдановски, виш соработник во Одделението за човекови права и медиумска писменост во Секторот за програмски работи |
| Период на известување | 2017 |
| Датум на поднесување на извештајот | 29.03.2018 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум**: 29.03.2018 година

**Име и презиме:** **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ IV
Примено: 29-03-2018

| Орг. ед. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| | | | |

______________________

**Име Презиме** (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)
- А) Позитивни
- Б) Охрабрувачки
- <u>В) Програмски</u>

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Почнувајќи од 2012 година, а врз основа на членот 17 од Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012), Агенцијата еднаш годишно подготвува анализи на родовите прашања и на претставувањето и прикажувањето на жените и мажите во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање за кои е надлежна. Истражувањето на родовите прашања во медиумите за 2017 година, направено врз примероци од изданија на дневно-информативни емисии и емитувани рекламни спотови, заврши на 29 декември 2017.

Анализата на третманот на родовите прашања, направена врз примерок од вестите, резултира со следниве заклучоци:

- Темите кои можат да бидат обработувани од родов аспект не се препознаваат од новинар(к)ите и од ТВ куќите;
- Родовите прашања и теми имаат ниско ниво на застапеност во дневно-информативните изданија;
- Продолжува трендот на користење машки граматички род како универзален во претставувањето на професиите и функциите на жените, професионално ангажирани или соговорнички во вестите;
- Постои отсуство на воведување на родовата перспектива во прилози кои можат да бидат обработени на тој начин;
- И покрај тоа што бројот на уреднички и уредници е речиси изедначен, а новинарките во примерокот за анализа на родовите прашања се застапени во поголем број, сепак бројот на соговорнички е помал од бројот на соговорници;
- Иако се забележува поголемо присуство на новинарките во медиумите, не се забележува позитивен тренд во однос на третманот на родот од страна на медиумите, но онаму каде што бројот на уреднички е поголем, забележлив е делумно позитивен тренд во однос на третманот на родот;
- Мажите, носители на високи јавни функции, се јавуваат во повеќе различни прилози на ниво на дневно издание на вестите, најчесто во улога на соговорници.

Заклучоците од анализата на прикажувањето на жените и мажите, спроведена врз примерок од реклами, се:

- Постои одредена изедначеност во поглед на застапеноста на мажи и жени актер(к)и во рекламите. Исто така, има одредена еднаквост и во однос на гласот на субјектите кои говорат во рекламите, особено во рекламите наменети за македонскиот/регионалниот пазар, додека за рекламите наменети за светскиот пазар, гласовите на машките субјекти доминираат. Во поглед на нараторството забележлива е доминација на машкиот глас и кај рекламите наменети за светскиот и за македонскиот пазар;
- Традиционалното претставување на родовите улоги е најчесто при рекламирањето на средства за чистење на домот и перење алишта и најчесто се однесува на женските улоги, додека мажите традиционално доминираат во реклами во кои се прикажани спортски активности;
- Се забележува отсуство на повозрасни лица, особено во рекламите наменети за странскиот пазар. Најзастапена возрасна група се жените и мажите на возраст од 18-30 години, а најмалку застапена, поточно речиси целосно незастапени се оние кои се на возраст над 45 години;
- Во рекламите, пораката што може да се извлече, е важноста која се придава на физичкиот изглед и на виталноста и кај мажите и кај жените.

Како и сите претходни, и истражувањето од 2017 година е објавено на веб страницата на АВМУ[1] на македонски, албански и англиски јазици, и е доставено до Собранието на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика со цел да бидат искористени при креирањето политики. Неговата популаризација се одвива во почетокот на 2018 година, заедно со мета-анализа во која се даваат споредбени показатели од петте претходни истражувања 2012-2016 (онаму каде што споредбата

[1] Достапни на: http://avmu.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%BE/.

е можна) за да се види какви се трендовите во третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на националните телевизии низ годините[2]. Освен ова, направено е вкрстување со показатели од други истражувања и анализи на Агенцијата со цел - важноста што во медиумскиот одраз на реалноста им се дава на родовите прашања - да се смести во поширок контекст. Станува збор за анализите на структурата на вработените во аудиовизуелниот сектор и истражувањата за ставовите на публиката за радио и телевизиските програми кои АВМУ ги изработува секоја година. Исто така, за првпат се дадени и податоци за родовата структура на сопственоста на телевизиите. Во моментов на пишување на извештајот, се работи на публикациите на македонски, албански и англиски јазик во кои ќе биде објавена оваа мета-анализа заедно со збирката истражувања на родовите направени во периодот од 2012 до 2016 година, како и на публикацијата, исто така, на трите јазика за истражувањето за 2017 година.

Во 2017 година, собраниската Комисијата за еднакви можности на жените и мажите расправаше за „Родот во телевизиските програми: Извештаи од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година", кој потоа беше усвоен од Собранието на РМ.

Во рамките на програмските надзори, Агенцијата констатираше дека Сити Радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио Мрежа, преку заедничка кампања во сопствена продукција наменета за „сите пре-еманципирани жени", шират дискриминација врз основа на пол, мизогинија и сексизам. Со оглед на фактот дека станувaше збор за прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за кој нема предвидено казнена мерка, регулаторното тело реагираше така што ги извести трите медиуми, испрати претставка до Комисијата за заштита од дискриминација и објави соопштение во кое ја информираше јавноста. По овој повод, во собраниската Комисија за еднакви можности, на 16 ноември беше одржана јавна расправа на тема: Говор на омраза во медиумите насочен кон жените, на која говореше и директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски.

Координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Агенцијата во текот на годината беа активно инволвирани во активностите на Министерството за труд и социјална политика за изработка на Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020).

Координаторката беше активно вклучена и во подготовката на Мислењето за шестиот периодичен извештај на Република Македонија по Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW).

Беа обезбедени и побараните податоци потребни за Извештајот во сенка за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост што го изработува организацијата „Реактор – истражување во акција".

Како и секоја година, и во 2017, анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година" содржи и родово разделени статистички податоци, согласно обврската од член 18 од Законот. И оваа анализа може да се најде на веб страницата на Агенцијата во делот „Родот и медиумите"[3] и беше доставена до Државниот завод за статистика.

Со цел да се подигне свеста и кај јавноста и кај медиумите за различниот третман на жените и мажите во медиумите Агенцијата, на крајот од 2017 година, ја заврши јавната набавка за изработка на два ТВ и еден радио спот за кампањата против сексизмот во медиумите[4].

Координаторката за родови прашања на Агенцијата беше модераторка на панел дискусијата

---

[2] Истражувањето од 2017 година беше промовирано на 1 март 2018 г. на посебен настан во Агенцијата, а на 28 март, на првиот јавен состанок на АВМУ за 2018 година, беше промовирана и Збирката истражувања со мета-истражувањето.

[3] Достапна на македонски на (http://avmu.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BA%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2/)

[4] На 1 март 2018 година беа промовирани и спотовите и им беа понудени на медиумите да ги емитуваат како кампања од јавен интерес. Тие беа објавени и на Фејсбук страница и на Јутјуб каналот на Агенцијата.

Родот во медиумите, организирана од Центарот за истражување и креирање на политики - ЦИКП Скопје, по повод Денови на образование и кариера 2017, во рамките на Саемот на книгата. Теми на дискусијата беа влијанието на медиумите врз формирањето на ставовите, мислењата и реакциите, кај жените и мажите од сите возрасти во однос на прашањата поврзани со убавината како концепт, физичката привлечност на жената, нејзината сексуализација, односно објективизација, но и нејзината општествена и семејна улога, и очекувањата од неа на ниво на индивидуи и на општествена заедница.

Учествуваше и на конференцијата „Унапредување на заштитата од дискриминација, со фокус на сексуалната ориентација и родовиот идентитет" (22 март 2017), завршен настан од проектот „Заштита од дискриминација на ЛГБТ на локално ниво" спроведуван од страна на ХЕРА и Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, заедно со општините Штип, Куманово, Струмица и во соработка со Народниот правобранител, Министерството за правда и Комисијата за заштита од дискриминација.

Едно од родовите прашања е и претставувањето и известувањето за луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Во тој контекст, Агенцијата неколку години соработува со Коалицијата Маргини. Тие, на четвртиот јавен состанок на регулаторот за 2017 година, ги презентираа истражувачките резултати од Анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата. Соработката за 2018 година беше договорена во јануари и во нејзини рамки на Коалицијата и беа дадени на користење инструментите што АВМУ ги користи за годишните анализи на родовите прашања во медиумите; во редовното истражување на регулаторот за ставовите на публиката за програмите на медиумите беше вклучен сет прашања за перцепциите на граѓаните за начинот на известување на медиумите за ЛГБТИ заедницата. Истражувањето за ставовите на публиката беше финализирано на крајот од 2017 година, а дополнителна анализа и презентација на овој сет прашања (за ЛГБТИ заедницата) ќе биде направена во април 2018 година.

Во рамки на активностите посветени на родовата еднаквост, Агенцијата прави напори медиумите и јавноста да ги информира и за документи или проекти на релевантни организации. Така, направи превод на македонски и на албански јазик на Препораката ЦМ/Рец(2017)9 за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор која Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои на 27 септември 2017 година. Во неа, меѓу другото, постои посебно заглавие за Поттикнување на постојан развој на медиумската писменост во кое се посочува на потребата од вклучување родово-чувствителни содржини во медиумската писменост за сите возрасти и области. Координаторката за родови прашања, ја претстави Препораката пред учесниците на четвртиот јавен состанок на Агенцијата кој се одржа на 22 декември, во контекст на содржините посветени на медиумската писменост. Препораката, на сите три јазици, е достапна и на веб страницата на Агенцијата[5].

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[6])**

Ваквиот тип на индикатори (количина на стоки или услуги, опфатени жени и мажи) е неприменлив за анализи што ги изработуваме.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

Сите материјали се наоѓаат на веб страницата на Агенцијата на линковите: на македонски - http://avmu.mk/rodot-i-mediumite-art/ , на албански - http://avmu.mk/sq/gjina-ne-programet-televizive/ и на англиски - http://avmu.mk/en/13738-2/

---

[5] Македонска верзија е достапна на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-MAKEDONSKI.docx, а албанска на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-ALBANSKI.docx.

[6] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Во 2017 година, во Буџетот на Агенцијата беа предвидени доволно средства за реализирање на предвидените активности.

За спроведување јавна набавка за истражувањето на родот во медиумите беа предвидени 300.000 денари.

За изработка на кампањата против сексизмот во медиумите исто така беа предвидени 300.000 денари.

За четвртиот јавен состанок на АВМУ, во декември 2017 година беа користени средства предвидени за таа намена.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

/

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор):**

/

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**

/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси ДА** – Агенцијата има 51 вработени од кои 28 се жени. Во прилог е доставен анкетен лист доставен до Заводот за статистика на РМ со родово разделени податоци за вработените во Агенцијата (во него е евидентирана една жена помалку, бидејќи една вработена се наоѓа на породилно боледување).

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

Видете одговор под 2.3

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**

- Анализа на начинот на кој се третирани родовите прашања во вестите на националните телевизиски програмски сервиси (обврска согласно член 17 став 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 201/15);
- Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во рекламите на националните телевизиски програмски сервиси (обврска од член 17 став 3 од истиот закон),
- Јавни дебати за стереотипите и предрасудите во медиумите и
- Кампања против сексизмот во медиумите.

**Опишете според:**

**а) Постигнати резултати**

**б) Реализирани активности**

**в) Индикатори за мерење успешност**

Видете под точка 2.2 и 2.3

**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Видете под точка 3.1

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Да, потребната измена во Правилникот за систематизација на работните места во Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е направена на 23 јуни 2017 година.

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**

**Дали тие во обуките се јавиле како:**

/

**а) слушатели**

**б) обучувачи**

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**

**а) координатор за еднакви можности**

**б) заменик координатор за еднакви можности**

EU Directives – Main Requirements and effective Implementation (June 2016)

Gender Equality – Key Concepts and the Relevance to the work of Ministries (June 2016)

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете :** /

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

6.1 **Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

/

| |
|---|
| **6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса /** |
| **6.3. Наведете примери за научени лекции /** |

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

***7.1.* Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Во 2018 година се предвидени:

- Обуки за родова сензибилизација за вработените во Стручната служба на Агенцијата.
- Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите;
- Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање:
- Анализа на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор;
- Емитување на кампањата за подигнување на свеста за сексистички содржини во медиумите.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Република Македонија
Државен завод за статистика
МАКСТАТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 05-5212/1
17.11.2017 год.
СКОПЈЕ

**Образец ТРУД.1**

Член 26 од Законот за државната статистика ("Службен весник на РМ" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15 и 27/16) и Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ
## состојба октомври 2017 година

Податоците што се прибираат со овој образец претставуваат индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика и ќе се користат исклучиво за статистички цели

Реден број [ ] (пополнува статистика)

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОПОЛНУВА ИЗВЕШТАЈОТ (ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ)**

Деловен субјект - назив: Агенција за аудио и аудиовизуелни мед. услуги
(единицата во состав, локалната единица, го впишува својот назив и полниот назив на субјектот во чиј состав е)

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): 5171440

Реден број на единицата во состав (локалната единица): 

Општина: Центар    Населено место: Скопје

Улица: Македонија    Куќен број: 38

Телефон: 02/3103-400    Е-пошта: contact@avmu.mk

Дејност според НКД Рев. 2: 8413

| А | ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КАДРОВСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА, РАБОТНИОТ ОДНОС, РАБОТНОТО ВРЕМЕ, СПОРЕД ВОЗРАСТА И СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА | | Вкупно | Жени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на вработени на крајот од претходниот месец | | 50 | 27 |
| 2 | Вработени кои во текот на извештајниот месец засновале работен однос | | / | / |
| 3 | Вработени на кои во текот на извештајниот месец им престанал работниот однос | | / | / |
| 4 | Вработени според работниот однос 4+5=8 | на неопределено време | 50 | 27 |
| 5 | | на определено време | / | / |
| 6 | Вработени според работното време 6+7=8 | со полно работно време | 50 | 27 |
| 7 | | со скратено работно време | / | / |
| 8 | Број на вработени на крајот на извештајниот месец 8=(1+2)-3; 8=4+5; 8=6+7; 8=9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19; 8=20+21+22+23+24+25+26+27+28 | | 50 | 27 |

| | | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 9 | Според возраст 9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19=8 | до 19 години | / |
| 10 | | од 20 до 24 години | / |
| 11 | | од 25 до 29 години | 4 |
| 12 | | од 30 до 34 години | 10 |
| 13 | | од 35 до 39 години | 6 |
| 14 | | од 40 до 44 години | 13 |
| 15 | | од 45 до 49 години | 10 |
| 16 | | од 50 до 54 години | 5 |
| 17 | | од 55 до 59 години | 2 |
| 18 | | од 60 до 64 години | / |
| 19 | | 65 и повеќе години | / |
| 20 | Според образование 20+21+22+23+24+25+26+27+28=8 | без образование | / |
| 21 | | незавршено основно образование | / |
| 22 | | основно образование | / |
| 23 | | 3 години средно образование | 2 |
| 24 | | 4 години средно образование | 4 |
| 25 | | више образование | 2 |
| 26 | | високо образование | 24 |
| 27 | | магистратура | 16 |
| 28 | | докторат | 2 |

| Б | ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА (треба да содржат податоци за исплатените, а не пресметаните бруто и нето-плати) | Вкупно |
|---|---|---|
| 29 | Вкупно исплатен износ на бруто-плата | 3064005 |
| 30 | Вкупно исплатен износ на нето-плата | 2050330 |
| 31 | Вкупен број на исплатени вработени | 50 |

| В | ИСПЛАТА ПО ОСНОВ НА РАБОТНА И ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ ИЛИ ДРУГИ НАГРАДИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА (истите податоци треба да бидат вклучени во вкупниот износ на бруто и нето-платата-Табела Б) | Вкупно |
|---|---|---|
| 32 | Вкупно бруто-исплата по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |
| 33 | Вкупно нето-исплата по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |
| 34 | Вкупен број на исплатени вработени по основ на работна и деловна успешност и други награди | / |

| Г | ПЛАТЕНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ (пополнувањето е задолжително, доколку нема појава, внесете нули) | Вкупно |
|---|---|---|
| 35 | Вкупно платени часови (одработени и неодработени) | 9063 |
| 36 | Прекувремени платени часови | 647 |
| 37 | Платени, а неодработени часови за боледување до 30 дена | 384 |
| 38 | Платени, а неодработени часови за годишен одмор | / |
| 39 | Платени, а неодработени часови за државни празници и неработни денови | 800 |
| 40 | Други платени, но неодработени часови | / |

| Д | ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ВИСИНАТА НА НЕТО-ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА | | |
|---|---|---|---|
| 41 | Вкупно (41=42+43+61) | | 50 |
| 42 | Вработени со помалку од 160 платени часови работа | | 4 |
| 43 | Вкупно од ред 44 до ред 60 | | 46 |
| 44 | Вработени од 160 до 200 платени часови работа за октомври 2017 година | до 8000 ден. | / |
| 45 | | 8001 - 9000 | / |
| 46 | | 9001 - 10000 | / |
| 47 | | 10001 -12000 | / |
| 48 | | 12001 -14000 | / |
| 49 | | 14001 -16000 | / |
| 50 | | 16001 -18000 | / |
| 51 | | 18001 - 20000 | / |
| 52 | | 20001 - 22000 | / |
| 53 | | 22001 - 24000 | / |
| 54 | | 24001 - 26000 | / |
| 55 | | 26001 - 28000 | 1 |
| 56 | | 28001 - 30000 | 3 |
| 57 | | 30001 - 35000 | 13 |
| 58 | | 35001 - 40000 | 8 |
| 59 | | 40001 - 50000 | 13 |
| 60 | | од 50001 и повеќе | 8 |
| 61 | Вработени со повеќе од 200 платени часови работа | | / |

Податокот за вкупниот број вработени, даден во табела Д, ред 41, мора да биде ист со податокот од табела Б, ред 31 во овој извештај.

| Ѓ | ИСПЛАТЕНА НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА НЕТО-ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА | Денари |
|---|---|---|
| 62 | Најниска нето-плата по вработен за октомври 2017 година | 24151 |
| 63 | Највисока нето-плата по вработен за октомври 2017 година | 100074 |

## Единици на набљудување

Извештај за вработени и плати доставуваат сите деловни субјекти од приватна и друга сопственост на територијата на Република Македонија. Извештај доставуваат и деловните субјекти во основање, како и деловните субјекти во ликвидација и стечај.

Извештајот се составува по организациско-територијален принцип, на ниво на општина. Доколку деловните субјекти имаат единици во состав надвор од општината на своето седиште, во извештајот не прикажуваат податоци за овие единици бидејќи тие се должни самостојно да доставуваат извештај на статистичкиот орган на територијата каде што се наоѓаат. Доколку ваквата единица не располага со потребните податоци, деловниот субјект во чиј состав се наоѓа е должен да ги обезбеди сите податоци потребни за доставување на овој извештај

| Потребно време за пополнување на извештајот, минути | 1 | 2 | 0 |
|---|---|---|---|

Забелешка

/

**ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕТО ОДГОВОРНО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ Труд 1**

Контакт - лице м-р Ивана Никиќ

Телефон 02/3103-443

Е-пошта i.nikic@avmu.mk

Место Скопје

Дата 17.11.2017 год.

М.П.

Раководител на деловниот субјект за кој се пополнува извештајот

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ,
## состојба: октомври 2017 година

**А. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КАДРОВСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА, РАБОТНИОТ ОДНОС, РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ВОЗРАСТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА** - треба да биде пополнета со податоци што се однесуваат на вкупнот број вработени, вработени што имаат заснован работен однос, за оние вработени на кои во текот на извештајниот месец работниот однос им престанал, за вработени на неопределено или на определено работно време, без разлика на тоа дали работат полно или скратено работно време, возраста и школската подготовка на вработените. Во податоците се вклучуваат и приправниците. Не се вклучуваат надворешните соработници.

Напомена: Ред 8 =(1+2)-3 според кадровската евиденција; 8=4+5 според работниот однос; 8=6+7 според работното време; 8=9+10+11+12+13+14+15+16+17+18+19 според возраста; 8=20+21+22+23+24+25+26+27+28 според школската подготовка.

**Б. ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА**

**Треба да содржи податоци за исплатените, а не пресметаните бруто и нето-плати.**

Вкупно исплатените бруто-плати (плата во вкупен износ) опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување и за професионално заболување.

Вкупно исплатените нето-плати опфаќаат: исплати на вработените за работа во полно, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа); надоместоци од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 30 дена и сл.; разлики на име зголемување на стартната основа и вредноста на бодот; примања по периодична пресметка и завршна сметка и врз основа на распределба на добивка без оглед на тоа на кој период се однесуваат; примања на приправниците и примања врз основа на минат труд.

Нето-платата - не ги опфаќа исплатите на вработените од средствата за заедничка потрошувачка, исплатите кои ги товарат материјалните трошоци (дневници, и сл.), надоместоците за боледување подолго од 30 дена, како ни исплатите на лицата ангажирани преку агенциите за привремено вработување и по договор за дело и други надоместоци за кои не се плаќа персонален данок и придонеси.

**В. ИСПЛАТА ПО ОСНОВ НА РАБОТНА И ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ ИЛИ ДРУГИ НАГРАДИ** - претставува делот кој вработениот го добива како додаток на платата за успешност во работењето, по основ на деловна успешност на работодавачот или други награди за кои се плаќа персонален данок и придонеси. Овие износи се дел од исплатите во делот **Б.ИСПЛАТЕНА БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ**, односно истите **податоци треба да бидат вклучени во вкупниот износ на бруто и нето-платата-Табела Б.**

**Г. ПЛАТЕНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ** - ги вклучуваат платените одработени и неодработени работни часови на вработените со полно работно време и со скратено работно време.

**ПОТРЕБНО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПОЛИЊАТА ВО ДЕЛОТ Г, А ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ ПОДАТОЦИ СПОРЕД НАВЕДЕНОТО ПРАШАЊЕ, ВО ПОЛИЊАТА ВНЕСЕТЕ НУЛИ, НЕ ОСТАВАЈТЕ ПРАЗНИ ПОЛИЊА.**

Прекувремени платени часови може да бидат најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работа во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

Часови кои се платени, а не се одработени се часови за боледување до 30 дена, часови на годишен одмор, принуден одмор, празници и други видови отсуства од работа за кои се прима надомест од средствата на деловниот субјект.

Напомена: Доколку во месецот за кој се пополнува извештајот имало празници или неработни денови, определени според одредбите од Законот за изменување на Законот за празниците на РМ ("Службен весник на РМ" бр.21/1998 и бр.18/2007), мора да има податок во ред 19 Платени, а неодработени часови за државни празници и неработни денови, во спротивно, во забелешка да се наведе дека тие часови се одработени.

**ВО ДРУГИ ПЛАТЕНИ, А НЕОДРАБОТЕНИ ЧАСОВИ СПАЃААТ** слободните денови определени според колективен договор како што се платените отсуства до седум дена (отсуство за венчавање на вработеното лице, венчавање на децата, раѓање на деца, смрт на сопружникот или детето, смрт на брат, сестра, на родителите, селење на семејството од едно во друго населено место, селење на семејството во истото населено место, елементарни непогоди, воени вежби или повик од друг државен орган), стручно или општо школување, оспособување или усовршување.

**Д. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ВИСИНАТА НА НЕТО-ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА.**

Вработени според висината на нето-платата - се прикажуваат податоци за бројот на вработени според распоните на исплатената нето-плата.

Податокот за вкупниот број вработени во табела Д, ред 41, е збир на податоците од ред 42, ред 43 и ред 61. Податокот за вкупниот број вработени, даден во табела Д, ред 41, мора да биде ист со податокот од табела Б, ред 31, во овој извештај.

Во редот 42 се прикажуваат вработените што во октомври имале помалку од 160 платени часови работа (тука спаѓаат: вработените што во текот на извештајниот месец се на боледување, вработените со скратено работно време, наставниците со помал фонд на часови и сл.). Во ред 43 се прикажува збирот на податоците од редовите од 44 до 60 од оваа табела. Во редовите од 44 до 60 се распоредуваат вработените што имале од 160 до 200 платени часови работа, вклучувајќи ги и часовите на работа подолго од целото работно време (прекувремена работа) како и неизвршените, а платени часови. Овие вработени се прикажуваат според нето-платите остварени во извештајниот месец. Вработените на работни задачи на кои заради посебните услови работат со пократко работно време (рендгенолози, персонал за летање и др.), исто така, се распоредуваат во редовите од 44 до 60 зашто се смета дека работат со цел фонд на часови. Наставниот кадар чие време на одржување на настава трае помалку, се распоредуваат во редовите од 44 до 60 зашто и ова работно време се смета за цело работно време.

Во редот 61 од оваа табела збирно се прикажуваат вработените што имале повеќе од 200 платени часови работа.

**Ѓ. ИСПЛАТЕНА НАЈНИСКА И НАЈВИСОКА НЕТО-ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2017 ГОДИНА**

Најниска и највисока нето-плата - се земаат предвид вработените со платени часови работа од 160 до 200 часа за месец октомври 2017 година (податокот за најниска и највисока нето-плата треба да одговара на распоните од Табела Д, редовите од 44 до 60, во зависност од тоа која е најниската и највисоката нето-плата).